20252024054

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 5 став 9, член 6 став 6 и член 8 став 4 од Законот за решавање банки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 209/23 и 188/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА РЕШАВАЊЕ БАНКА И ЗА ОЦЕНА НА МОЖНОСТА ЗА РЕШАВАЊЕ БАНКА

1. Во Одлуката за изработка на план за решавање банка и за оцена на можноста за решавање банка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/25), во точката 40, ставот 1 се менува и гласи:

„Банката е должна да ги изработи првите податоци и информации од точката 33 од оваа одлука со состојба на 30 јуни 2026 година и да ги достави до Народната банка најдоцна до 30 септември 2026 година.“

2. Во точката 41, во воведната реченица, зборовите: „во 2026 година“ се заменуваат со зборовите: „во 2027 година“.

Во алинејата 1, зборовите: „во 2025 година“ се заменуваат со зборовите: „во 2026 година“.

3. Во точката 42, зборовите: „31 декември 2027 година“ се заменуваат со зборовите: „31 декември 2028 година“.

4. Во точката 43, зборовите: „13 октомври 2025 година“ се заменуваат со зборовите: „30 јуни 2026 година“.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-31278/20
25 септември 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.